Виолета АЧКОСКА УДК: 323.15 : 342.228.4(497.7)„19“

# МЕЃУНАЦИОНАЛНИТЕ ОДНОСИ И ПРАШАЊЕТО ЗА УПОТРЕБАТА НА ЗНАМИЊАТА НА НАРОДНОСТИТЕ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ШЕЕСЕТТИТЕ ГОДИНИ НА XX ВЕК

**Кратка содржина**

*Во текот на шеесеттите години на XX век, во рамките на југословенската федерација, повидливо се јавиле различни противречности на планот на меѓунационалните и на меѓуетничките односи. На повидок биле различни тенденции и барања за поголема самостојност на републиките и на покраините, во однос на федерацијата. Започнале јавни спорови околу рамноправноста на јазиците на народите и на народностите, а сè посилни станувале и барањата за употреба на знамињата на народностите (националните малцинства). Во најекстремен вид, ваквите барања биле изразени низ демонстрациите (ноември–декември 1968 г.) во Покраината Косово и Метохија, а потоа, според истото сценарио, во западниот дел на Социјалистичка Република Македонија (Тетово и Гостивар). Во рамките на барањата за употреба на знамињата биле изнесувани и чисто сепаратистички цели.*

***Клучни зборови:*** *ЗНАМЕ, ЈАЗИК, АВТОНОМИЈА, НАРОДНОСТ, ПОКРАИНА, ФЕДЕРАЦИЈА, РЕПУБЛИКА.*

Во текот на шеесеттите години на XX век, покрај стопанските проблеми, југословенската федерација повидливо ја потресувале меѓунационални и меѓуетнички проблеми. Низ програмско-политичките документи, овие проблеми биле дефинирани како борба помеѓу унитаристичко-бирократските големодржавни појави на одделни носители на политичките деформации во СКЈ, од една страна, и носителите на развојот на самоуправните демократски тенденции, од друга. Во тие рамки, клучна категорија околу која започнале дискусии на теренот на меѓунационалните односи било сфаќањето и толкувањето на: „југословенството“. Така, уште при крајот на педесеттите години, Едвард Кардељ, водечки толкувач и креатор на југословенското државно уреду-

вање, ги критикувал тенденциите за „интегрално југословенство" и афирмацијата на „југословенската нација" како бирократско-централистичка и „поврзана со остатоците на големосрпскиот национализам"[1]. Дискусиите околу овие проблеми биле вовед во случувањата на планот на меѓуетничките односи во текот на шеесеттите години[2] кога станале повидливи пројавените меѓунационални разлики, внатре, во навидум монолитниот Сојуз на комунистите[3].

Плашејќи се дека разликите во третирањето на националното прашање во раководството на Партијата би можеле да доведат до расцеп, Јосип Броз Тито свикал посебна проширена седница на Извршниот комитет на ЦК СКЈ (16 март 1962 година). На затворената седница, била отворена расправа по повод тие разминувања, но не бил постигнат компромис. На членството, неинформирано за споровите, му било упатено Писмо на ИК на ЦК СКЈ во кое биле осудени појавите на запоставување на општите интереси на социјалистичкото општество, апсолутизацијата на локалните интереси, појавите на шовинизам, стопанскиот партикуларизам, како и економското затворање на републиките. Овие појави не биле надминати ни со донесувањето на нов сојузен Устав (7

---

[1] Овие прашања, Е. Кардељ ги поставил во 1957 г. во новиот предговор на неговата книга „Развојот на словенечкото национално прашање", објавена една деценија порано. Книгата на Крадељ поттикнала дискусии за меѓунационалните односи и за реализирањето на меѓунационалната рамноправност. На седницата од 2 март 1959 година, ИК на ЦК СКЈ расправал за меѓунационалните односи при што, во однос на националните малцинства, децидно се заложил за обезбедување на „рамноправно учество во југословенската социјалистичка изградба и за полн економски и културен развој". На оваа седница дошле до израз почетните размислувња во сфаќањето на националното прашање во југословенскиот партиски врв. (Види: Zaključci Izvršnog komitet SK SKJ o pitanjima nacionalnih manjina, *Jugoslovenski federalizam, ideje i stvarnost, 2, tematska zbirka dokumennata,* priredili: Petranović B., Zečević M., 1986, Beograd: Prosveta, 369/370)

[2] Е. Кардељ сметал дека постојните залагања за „југословенско национално единство" претставуваат последица на „големодржавните националистички, нереални и длабоко штетни и реакционерни..." сфаќања. Ваквите ставови Кардељ уште подецидно ги формулирал на седницата на Комисијата на ЦК СКЈ за проучување на односите помеѓу народите на Југославија, одржана на 11 јуни 1964 година.

[3] Пројавените разлики ќе кулминираат и ќе доживеат разврска со многуте персонални смени во највисоките партиско-државни раководства на републиките, на почетокот од седумдесеттите години.

април 1963)[4]. Во федерацијата постоеле длабоки и тешко премостливи разлики, пред сè, во економски, а потоа во политички, во културен и во духовен поглед, помеѓу одделните нации, како и помеѓу нациите и националните малцинства. Сето тоа предизвикувало тешкотии во обезбедувањето на похармонично функционирање на целината, наспроти нејзините конститутивни делови.

Интензивирањето на дискусиите за меѓунационалните односи отворило многу недоразбирања, дилеми и спорови. Сојузот на комунистите повеќе бил свртен кон „критика на негативните појави во меѓунационалните односи, а помалку кон толкувањата на тие појави и објаснување на суштината на сегашната етапа во која, според природата на нештата, морале да се актуализираат меѓунационалните односи"[5].

За прашањето за „југословенството" и за неговата содржина се воделе многубројни дискусии и во организациите на СК и во повеќе интелектуални кругови, пошироко. Сојузот на комунистите на Србија, исто така, мошне сериозно го претресувал тоа прашање, со оглед на фактот дека најчесто, според старата шема, југословенството се толкувало со големосрпскиот хегемонизам[6].

---

[4] Уште во дискусиите околу Пред-нацртот на овој Устав, во своите образложенија, Кардељ тргнувал од основното гледиште дека „федерацијата на југословенските републики не е рамка за создавање на некоја нова југословенска нација, односно рамка за спроведување таква национална интеграција за каква, во свое време, сонувале разни протагонисти на хегемонизмот и на денационализаторскиот терор". Напротив, југословенската федерација, тој ја гледал како „заедница на слободни, рамноправни и самостојни народи и работни луѓе кои се обединети врз основа на заеднички интереси и на напредните општествено-економски, политички, културни и духовни стремежи и на движењето на работните луѓе во епохата на социјализмот" (Кардељ Е., 1980, Федерацијата и републиките, *Одбрани дела*, 1, Скопје: Комунист, Мисла, с. 501).

[5] Arhiv Republike Slovenije (натаму: ARS), f: CK ZKS, št.195, Neki problemi međurepubličkih i međunacionalnih odnosa, Beograd, CK SK Srbije, oktobar 1966.

[6] Настојувајќи да ги отфрли „старите" содржини на „југословенството", СК на Србија сметал дека во современото толкување на овој поим „не смее да се запостави тоа дека народите на Југославија денес се поврзани, пред сè, со своите социјалистички интереси и дека, навистина, тие се многу повеќе отколку сојуз за одбрана или заедница што ја одржува сродноста на народите, дотолку повеќе што во неа живеат повеќе од 11% од несловенско потекло..." (ARS, f: CK ZKS, št. 195, исто).

Гласноста дадена на националните проблеми во федерацијата нашла одраз и во дискусиите на VIII конгрес на СКЈ на кој, за прв пат по војната, на собир на југословенските комунисти, јавно се расправало за националното прашање, односно за проблемот на меѓунационалните односи во југословенската федерација. Во својот реферат на Конгресот, Јосип Броз Тито барал начини да ги објасни состојбите, при што нагласил дека националистичките деформации се појавиле поради етатистичко-бирократските тенденции кои ги кочеле процесите на меѓунационална интеграција[7]. Надворешно гледано, Партијата настапувала единствено, но раководството било поделено, најмногу во врска со прашањето дали југословенските народи се економски неприкосновени во рамките на своите републики. На Конгресот, била нагласена мислата дека централистичката економска структура е неспоива со принципот на рамноправност на нациите и дека нацијата мора да биде суверена во располагањето со својот национален доход. Затоа се барале нови промени во стопанскиот систем, пред сè, за создавање пoслободен пазар и поголема улога на стопанските организации во вкупниот процес на општествена репродукција[8].

Во рамките на поставувањето на дневен ред на низа проблеми од сферата на меѓунационалните односи, се случиле низа настани кои, директно или индиректно, влијаеле врз нивниот развој. Помеѓу повеќето такви настани, тука ќе ги споменеме: Брионскиот пленум, односно расчистувањето со деформациите на Службата за внатрешна безбедност (СДБ) и со политиката на Александар Ранковиќ на Косово[9], демонстрациите на студентите

[7] Конгресот бил одржан од 7 до 13 декември 1964 година во Белград. Види: Izveštaj J. B. Tita na VIII Kongresu SKJ, *VIII Kongres SKJ,* 1964, Beograd: Komunist, s. 30–38.

[8] Во 1965 година била преземена *стопанска реформа* која со ставањето акцент врз пазарното стопанисување, требало да го подобри сè поизразеното заостанување на југословенското стопанство. Реформата била недоследно спроведувана и фактички сопрена. Тоа резултирало со појавата на висока невработеност и со неприфаќање на вистинска автономија на стопанството од страна на југословенското политичко раководство.

[9] На 1 јули 1966 година, на Бриони, е одржана IV седница на ЦК СКЈ т.н. Брионски пленум на кој се расправало за злоупотребите на Службата за државна безбедност (СДБ). На оваа седница биле донесени неколку важни одлуки како, на пример: да се реорганизира СДБ; да се продолжи со истрагата за разоткривање на сите материјални докази, на вистинските намери и на смислата на одделните зафати и злоупотребата на положбата и власта, за да можат да се повикаат сторителите на одговорност; било одлучено Светислав Стефановиќ, сојузен секретар

во Белград и во другите универзитетски центри[10], ескалацијата на албанскиот национализам во САП Косово и Метохија и во СРМ, изразен декларативно низ барањата за рамноправна употреба на знамињата на националностите, низ дискусиите за рамноправноста на јазиците, аферата за патиштата („цестна афера“) во која дошло до судир федерација – словенечко раководство[11], појавата на мас-покретот во Хрватска[12] итн.

---

за внатрешни работи, да се исклучи од ЦК СКЈ и од СКЈ, а на Сојузното собрание му е препорачано да го разреши од должноста член на СИС, како непосредно одговорен за работата на органите на државната безбедност; прифатена е оставката што ја поднел Александар Ранковиќ на функциите во ЦК СКЈ и предлогот да поднесе оставка на функцијата потпретседател на СФРЈ. (Mišović M., 1987, Ko je tražio republiku, Kosovo 1945–1985, Beograd: Narodna knjiga, s. 63).

[10] Студентската младина од одделните југословенски универзитети се побунила против силната бирократизација на системот, но и против сѐ повидливите социјални разлики во СФРЈ кои биле спротивни на официјалната комунистичка идеологија и на декларираниот егалитаризам. Студентите биле смирени со цврстото ветување на Јосип Броз дека ќе бидат разгледани сите нивни барања, како оправдани. Во тоа време, сѐ уште авторитетот и харизмата на Јосип Броз биле доволно силни за да ги смират студентите. Од друга страна, Тито како добар стратег и политичар, „застанал“ на страната на студентите (на народот), а не наспроти нев, обезбедувајќи си го и понатаму своето неспорно раководно место на врвот на партиско-државната хиерархиска пирамида (Милосавлевски С., 1991, Страв од промени, Скопје: Комунист, с. 40–41).

[11] Во истиот период, во Словенија, се јавиле дискусии за реформирање на територијалната одбрана и за нејзино поголемо осамостојување од сојузните ингеренции. Станувало јасно дека Словенија бара поголемо економско и политичко осамостојување. (Види поопширно: Repe B., 1992, „Liberalizem“ v Sloveniji, Ljubljana: Borec, s. 157–196)

[12] Со серијата статии и написи во весникот „Борба“ (од 15 до 22 ноември 1969 г.), Милош Жанко, потпретседател на Сојузното народно собрание укажувал дека во Хрватска расте национализмот. Хрватското политичко раководство (Савка Дабчевиќ–Кучар, Мика Трипало, Перо Пиркер и др.) врз бранот на пазбудените националистички сили, користејќи ги расправите за уставните промени, започнало дискусија за создавање самостојна национална армија, за положбата на хрватското стопанство, за јазикот итн. На X седница на ЦК СК на Хрватска (јануари 1970), меѓу другото, биле изречени оценките дека унитаризмот е доминантна политичка тенденција и најголема опасност за општествениот развој на Југославија. Во наредните месеци, во Хрватска јакнат пројавите на национални чувства врз кои израснало масовното движење, т.н. масовниот покрет – „маспок“, или „хрватска пролет“, како што е нарекувано ова движење чија сила тешко можела да се насочува и да се контролира. (Кардељ Е., 1980, Југославија – социјалистичка самоуправна заедница на рамноправни народи, *Одбрани дела,* 1, Скопје: Комунист, Мисла, с. 552-556.)

Воспоставувањето целосна рамноправност на јазиците претставувало едно од најчуствителните прашања во федерацијата, при што биле ставани забелешки дека е „несфатливо, за 21 година од постоењето на југословенската федерација и покрај исправните уставни начела практично не е остварена рамноправност на јазиците“[13]. Имено, со Уставот од 1963 година, на секој граѓанин му се обезбедувала рамноправна употреба на својот јазик (чл. 41) и рамноправност на јазиците на народите на Југославија и на нивните писма (чл. 42). За исклучок, со Уставот се пропишувала задолжителна употреба на српскохрватскиот јазик во Југословенската народна армија (на планот на командувањето, воената обука и администрацијата)[14]. Дискусиите околу рамноправноста и положбата на јазиците биле особено живи во Хрватска и во Србија[15], но и во Македонија.

Македонските интелектуалци, повеќето писатели, воделе понагласени дискусии за македонскиот јазик барајќи негова поадекватна застапеност во секојдневното комуницирање. Тие дури истапувале со предлог за реципроцитет во преведувањето на литературата од српски на македонски и од македонски на српски јазик. Истовремено, на дневен ред се поставувало прашањето за употребата на јазиците на народностите во етнички мешаните средини. Притоа, најчуствително се покажало прашањето за употребата на јазиците на малцинствата и на македонскиот јазик, во рамките на образовниот систем, во основното и во средното образование[16].

---

[13] ARS, f. CK ZKS, št. 296, Karakter i uloga federacije u uslovima društvenog samoupravljanja, (белешка од состанокот на Комисијата за меѓунационални и меѓурепублички односи, одржан на 20.02.1967).

[14] Државен архив на Република Македонија (натаму: ДАРМ), ф. ЦК КПМ/СКМ, к-134, а.е. 13, Материјал на ЦК СКЈ од 20.12.1966 г.

[15] Најсублимиран приказ на дискусиите за употребата на јазиците на хрватската сцена била Декларацијата за називот и за положбата на хрватскиот јазик, зад која стоела Матица Хрватска, Друштвото на писателите на Хрватска и 16 други установи и организации. Декларацијата е објавена во загрепскиот „Вјесник“, на 16 март 1967 год. Хрватските ставови за јазикот, изразени во овој документ, добиле одговор со Предлогот за размислување на Друштвото на писателите на Србија, што го потпишале 42 српски писатели (види: Deseta sednica Centralnog komiteta Saveza komunista Hrvatske, prema autoriziranim teskstovima magnetofonskog zapisnika, Uredili Baletić M. i Židovec Z., 1970, Zagreb: Komunist).

[16] Таков проблем, многу остро, дошол до израз во градот Дебар, така што, на 9 октомври 1967, Извршниот комитет на ЦК СКМ одржал посебна седница, посветена на „некои политички појави во Општината Дебар“ настанати околу

Така, и во рамките на СР Македонија, како дел од југословенската федерација, во текот на шеесеттите години се случувале многубројни настани на планот на меѓуетничките и на меѓунационалните односи. Дел од вие случувања биле предизвикани од масовниот прилив на албанско и, во помал обем, на друго население со муслиманска вероисповед кое, во текот на педесеттите години, започнало да се населува во западните краеви на СРМ. Ова доселување кореспондирало со едновременото иселување на Турците и на друго муслиманско население од Македонија во Турција[17]. Испразнетиот етнички простор најчесто бил пополнуван со етнички Албанци[18] од Косово, до Јужна Србија, од Санџак и од Црна Гора[19]. Според некои непотполни податоци, само во 1959 година, 22.776 доселени, лица добиле републичко државјанство на НРМ, а за оние диви, непријавени, никој не ја знаел статистиката[20]. Насе-

---

воведувањето на „шиптарскиот јазик како образовен наставен предмет во петто македонско одделение" во основното училиште (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-128, а.е. 6, Информација за некои проблеми во врска со учењето на малцинските јазици во македонските школи).

[17] До март 1959 година, од Македонија во Турција, биле иселени 143.800 лица (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-60, а.е. 7, Прилог кон извештајот по прашањето за иселувањето на Турците, упростување на процедурата на иселувањето и имовинските прашања, 1954).

[18] Низ официјалните и неофицијалните документи, Албанците во Југославија, до 1968 г., се нарекувани Шиптари (шиптарско малцинство, шиптарска националност, шиптарска народност), односно со името со кое и самите се нарекуваат, а потоа биле преименувани и, низ официјалните документи, ги среќаваме под името Албанци.

[19] Доселениците пристигнувале во Македонија со наводна желба да заминат за Турција. Со оглед на тоа што најголемиот број биле со албанско етничко потекло и не го познавале турскиот јазик, според прописите, не можеле да добијат дозволи („весики") за иселување во Турција. Така трајно се населувале во Македонија (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-128, а.е. 5, Информација за иселувањето на припадниците на турското национално малцинство од територијата на Народна Република Македонија, 24.08.1959).

[20] Доселениците, во најголемиот број, биле од НР Србија, 1.842 лица, од Косово, 12.972 лица, од Санџак, 2.965, од НР Босна и Херцеговина, 2.147 и од НР Црна Гора, 2.850 лица. Освен во Скопје и во другите градови, започнало населување и по селата, а особено во Битолска, Титовелешка и Штипска околија, каде, за незначителни суми пари купувале земја и куќи напуштени од турското население. На тој начин дошло до промени во етничкиот состав на населнието. Најочигледен пример за тоа е што „најголемото помачко село во Титовелешко", Горно Врановци, било сосема албанизирано (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-128, а.е. 5, исто).

лувањето добило во интензитет по земјотресот во Скопје (1963), кога тоа е прогласено за отворен град[21]. Етничкото преполнување на одделни региони во западниот дел од Македонија во шеесеттите години започнало да репродуцира низа проблеми од социјален и од инфраструктурен карактер, кои делувале и врз нарушување на меѓуетничките односи[22].

Во втората половина од шеесеттите години, почнувајќи од највисокото федерално државно и партиско ниво па сè до локално ниво и до основните организации на СК, биле засилени активностите за надминување на влошениот тренд во развојот на меѓунационалните односи. Во тие рамки, македонските комунисти ги претресувале актуелните прашања во остварувањето на политиката на рамноправност на народностите во СРМ[23], при што особен ангажман имала Комисијата на ЦК СКМ за односите меѓу републиките, нациите и народностите[24].

---

[21] Заедно со брзата обнова и со изградбата во него, се случувала вистинска демографска поплава. Според некои податоци, во 1943 година, во Скопје, само 5% од населението биле Албанци, додека според проценките на пописот од 1994 година, на кој не учествуваа Албанците, тие сочинувале 20,8%. Со пописот од 1953 година се евидентирани 23.696 Албанци, а со пописот од 1971 г., 53.946.

(Види: Население по народност во СРМ, 1973, Скопје: Републички завод за статистика, с. 10–14).

[22] Помасовното населување на Албанците создавало извесен отпор кај Македонците кои предочувале на различни деформации. Така, на пример, соочени со силна иредентистичка пропаганда, уште кон крајот на педесеттите години, граѓаните на Охрид, во дискусиите по настаните во Тетово и во Гостивар, во 1968 г., сметале дека „охридската чаршија е на Албанци“ затоа што „критериумите за купување на локали, за издавање на градежни дозволи и друго“ не биле еднакви за сите заинтересирани и секогаш биле во полза на Албанците. Многубројни се искажувањата за „рушењето на урбанистичките концепции на градот“, при што „најголемиот број на граѓаните од албанска народност ќе се здобијат со парче земја, ќе изградат дива градба и ќе бараат, по нерегуларни патишта“, со „посебни критериуми“ да имаат приоритет при вработувањето. Истовремено, при купувањето земја, односно дуќан, секогаш ги барале и ги заземале „централните позиции и од позиција на посредишно место“ вршеле „политички и друг притисок на македонското население“. (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-231, а.е. 12, Информација за реагирањата во врска со неодамнешните настани во Тетово, јануари 1969).

[23] Проблемот на рамноправноста на народностите е третиран на повеќе седници на сите партиски нивоа во СРМ, а посебно е значајна XIV седница на ЦК СКМ, одржана на 1.03.1968.

[24] На неколку седници оваа Комисија (мај 1968) расправала за: актуелните проблеми што произлегувале од осипувањето на учениците припадници на народ-

На планот на поттикнувањето различни иницијативи (и барања) за регулирање на меѓунационалните односи, особено биле активни етничките Албанци од Автономната Покраина Косово и Метохија. На барање на делегацијата од Косово и Метохија[25], Соборот на народите во Сојузното собрание, во февруари 1967 г., поттикнал иницијатива за измена на сојузниот Устав. Делегатите од Косово приговарале дека „со јакнењето на самоуправувањето, пренесувањето на функциите од федерацијата на републиките не било проследено со соодветно јакнење на автономноста на покраините“. Во суштина, се работело за барање да се подигне третманот на автономните покраини „на ниво на третман на федерална единица, без оглед на формалниот назив на овие единици“[26]. На овој начин, под наметката за поцелосен замав на самоуправувањето[27], всушност, се пласирало барањето за „Косово Република“ кое, мошне јасно, ќе биде истакнато во немирите на Косово при крајот на 1968-та година.

По Брионскиот пленум, „главниот товар во битката против унитаристичко-хегемонистичките тенденции ги носел Сојузот на комунистите на Србија“[28] кој настапил со остра критика на до-

---

ностите во училиштата од втор степен, застапеноста на емисиите на јазиците на народностите на РТВ Скопје и на другите радиостаници во СРМ, актуелни прашања во врска со поставеноста и третманот на историјата на македонскиот народ и другите народи и народности на Југославија, во училиштата од втор степен, во СРМ итн.

[25] Во оваа прилика, делегацијата од Косово сметала дека постоечката автономија на Покраината не соодветствува на изменетата ситуација по Брионскиот пленум, од која се очекувала поголема афирмација на Албанците. Во своите тези, некои претставници на косовските Албанци сметале дека „во суштината на востановувањето на автономните покраини Војводина и Косово и Метохија лежат исти фактори кои довеле и до востановување на републиките, односно и на југословенската федерација, – и степенот на нивните самоуправни права... логично не треба да биде понизок од степенот на права на републиките...“ (ARS, f. CK ZKS, št. 296, Karakter i uloga federacije u uslovima društvenog zamoupravljanja, исто, 20.02.1967).

[26] ARS, f. CK ZKS, št. 296, исто.

[27] Во атмосфера на идеолошка пренапрегнатост, се сметало дека развојот на самоуправувањето му дава сосема нова смисла на југословенскиот федерализам, при што, и самиот Броз потенцирал дека „развојот на самоуправувањето дава нова општествено-политичка содржина“ на Федерацијата. (Broz J. - Tito, 1979, Referat na svečanoj sednici IX kongresa SKJ, 11.03.1969, *Poruke revolucije, izbor*, Beograd: BIGZ, s. 20).

[28] Bilandžić D., 1973, Ideje i praksa društvenog razvoja Jugoslavije 1945–1973, Beograd: Komunist, s. 268/269.

тогашната работа на СДБ на Косово, како „драстичен вид на шовинистичка пракса". Во документите на СК на Србија се истакнува дека „политиката на полна национална рамноправност... во некои акции на државната безбедност, инспирирана со националистички погледи" била и посериозно нарушувана. Како пример се посочувала кадровската политика во СДБ во СР Србија во која била присутна недовербата кон припадниците на националните малцинства, при што за идеолошка основа на таа недоверба се сметал национализмот и шовинизмот[29].

Во напорите да ги отстранат последиците што ги оставило делувањето на СДБ на планот на меѓуетничките односи во Покраината Косово и Метохија, највисокото партиско раководство во Србија (на проширената седница на Претседателството и на Извршниот комитет на ЦК СК на Србија, во април 1968) донело заклучок дека Покраината Косово и Метохија „треба повеќе отколку досега да биде категорија на федерацијата и појасно да се изрази како составен дел на федерализмот". Затоа, набрзо, со амандманите усвоени на крајот до 1968 г., бил променет називот „Автономна Покраина Косово и Метохија" во „Социјалистичка Автономна Покраина Косово" а, истовремено, биле променети основните начела во организирањето на автономните покраини. Автономијата Повеќе не се регулирала само со сојузниот и со републичкиот устав туку и со покраински Уставен закон, со што бил отворен пат на речиси целосна самостојна законска, извршна и судска власт во покраините.

Расчистувањето со политиката на Ранковиќ на Косово, имало и спротивни ефекти. Во тие рамки особено била карактеристична XIV-та седница на ЦК СК на Србија (одржана од 29 до 30 мај 1968 г. во Белград), на која се расправало за политиката на националната рамноправност. Во текот на расправата, историчарот д-р Јован Марјановиќ и писателот Добрица Ќосиќ, укажале на појавите на национализам на Косово, на албаноцентризмот и

[29] За овие прашања се дискутирало на Шестата седница на ЦК СК на Србија, одржана на 14 и 15 септември 1966 г. Во заклучоците на Шестата седница, меѓу другото, се констатирало и ова: „...Дискриминацијата и беззаконието кое го спроведуваа некои делови на Службата за државна безбедност, особено кон шиптарската народност, претставува драстичен вид на шовинистичка практика која е во целосна спротивност со програмата на СКЈ и со Уставот на СФРЈ и која ги намалила големите резултати на досегашните напори на комунистите и на работните луѓе на нашата република за обезбедување на сестран и рамноправен социјалистички развој на народностите..."
(Види: VI sednica CK SK Srbije, 1966, Beograd: Komunist, s.322-324).

на сепаратистичките тенденции, како и на распространетото антисрпско расположение кај Албанците[30]. Реакцијата на Партијата била строга: нивните гледишта биле оценети како националистички и поради тоа биле исклучени од ЦК на Србија. Односот кон оваа седница, подоцна, ќе биде променет и осудите ќе бидат свртени кон критичарите на ставовите на Ќосиќ и на Марјановиќ. Меѓутоа, набрзо се покажало дека овие двајца српски интелектуалци, во многу нешто, имале во право. Со намалувањето на стравот од Ранковиќ, се разбудил привремено стивнатиот албански национализам. Наместо воспоставување на поголема меѓунационална толеранција и на заедништво, зад наводната загрозеност од српскиот хегемонизам, се воспоствавувала клима во која животот на Србите во покраината станувал сè потежок и тие сè помасовно се иселувале[31].

Во различните политички струења на нереализирани „национални" цели, од страната на албанските националисти веќе било поставено прашањето за федерализација на СР Македонија кое, несомнено, претставувало етапа во дезинтеграцијата на федерацијата и на републиката[32].

---

[30] На појавите на антисрпски испади и шиканирање на Србите и Црногорците на Косово, при крајот на шеесеттите и во почетокот на седумдесеттите години укажувале некои членови на ПК на СК на Косово тогаш раководен од Махмуд Бакали. Овие укажувања не биле земени на разгледување ниту во федералните, ниту во републичките и покраинските органи. Напротив, истите биле оценети за спротивни од официјалниот партиски курс на косовското раководство, така што нивните носители биле отстранети од Сојузот на комунистите (случајот со Јово Шотра).

[31] Во периодот од 1971 до 1981 г., забележано е помасовно иселување на Србите и на Црногорците од Косово поради нарушените меѓунационални односи. Во периодот 1971–1981 година од Косово се иселиле 70.584 лица од кои 42.407 Срби, 8.333 Албанци, 7.095 Црногорци и 21.794 останати. Така, бројот на Србите во Покраината, од 23,62% во 1948, се намалил на 13,2% во 1981 г. (Petrović R., 1990, Etnički sastav stanovništva SAP Kosova i njegove promene u poratnom razdoblju, *Kosovsko-Metohijski zbornik*, t. 1, Beograd: SANU, s. 355–365).

[32] Во анализите за политичката состојба во Републиката, ИК на ЦК СКМ, во почетокот на 1968 г., меѓу другото, наведува дека албанските шовинисти барале Македонија „да се устрои на федеративни начела и на тие основи, спрема тоа, треба да се бара таква структура на организирање во Републиката, респективно на рамноправноста на јазикот". Најекстремен израз на ваквите барања сметан за „директно непријателски став кој оди кон тоа да се шпекулира со евентуалната смрт на Тито" бил ставот, „дека во таква ситуација Македонија ќе биде окупирана од Американците, дека Грците ќе извршат продор во Македонија и дека тој час треба да се избори битката за Западна Македонија и за Космет, во смисла на создавање од нив интегрален дел на Албанија" (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-153, а.е. 1, Стенограмски белешки од XXXI седница на ИК на ЦК СКМ, 1.01.1968).

Албанскиот комплекс на прашања, со сета сложеност, се наметнал подрастично во 1968-та г., а кулминирал со демонстрациите на студентите во Приштина и со немирите во Тетово и во Гостивар.

На 28 ноември 1968 г., на Денот на знамето, државниот празник на НР Албанија, на Косово и Метохија дошло до масовни демонстрации на кои јавно биле истакнати две основни барања: рамноправна употреба на албанското знаме и Косово да добие статус на република. На истиот ден, биле забележани истакнувања на албанското знаме и пароли „Да живее денот на знамето" во повеќе места каде живеела албанската народност во СРМ[33]. Милицијата и војската ги задушиле демонстрациите на Косово, но барањето за „Косово Република" станало основа на натамошното јавно изразување незадоволство на Албанците од нивниот статус во рамките на СФРЈ[34].

Настаните на Косово имале неспорно влијание во Македонија и делувале врз промената на меѓуетничката клима. Затоа, веднаш, на 9 декември, било организирано пошироко партиско советување посветено на националниот комплекс на прашања. На советувањето било констатирано дека настаните на Косово се изразувале во СРМ низ неколку моменти. Еден од нив бил „обидот преку емисионари, испратени уште пред почетокот на демонстрациите" на Косово, па и во самиот тек на демонстрациите „за

---

[33] Така, на пример, во с. Чегране, албанското знаме, во текот на ноќта, било истакнато пред џамијата за да го видат луѓето кога доаѓаат на утринската молитва. Биле забележани и различни испади на шовинизам, изразен низ пеење революционерни песни и меѓусебни пресметки на Македонците и Аланците во некои гостиварски и тетовски села како и во самите градови (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-191, а.е. 1, Советување со претседателите на ОК, секретарите на ОПК, членовите на ЦК СКМ од мешаните подрачја и др., 9.12.1968 г.).

[34] Паролата „Косово Република", која албанските екстремисти ја истакнале и во текот на организираните немири на Косово, во 1980 г., била само надворешна фасада, зад која се криеле барањата за реализацијата на идејата за „Голема Албанија" или за „Големо Косово".

Всушност, веќе се воспоставувала практиката, со наводното барање на „поголеми човекови права", да се прикриваат вистинските барања на Албанците. Од почетокот на осумдесеттите години, започнал походот за интернационализација на „косовскиот проблем". На светската јавност ѝ се презентирале добро фабрикувани информации, а Слободан Милошевиќ, со својот тврд став, станал потребното алиби да им се излезе во пресрет на барањата на албанските екстремисти.

подигање на Албанците за излегување на улица". Вториот момент секако била „нормалната и логична поврзаност на албанското население", а третиот секогаш присутното влијание, позитивно или негативно, во рамките на единствената општественополитичка заедница на која ѝ припаѓале и Косово и Македонија.

Наведеното советување се одржало пред избивањето на демонстрациите за знамето во Тетово и во Гостивар. Можеби затоа, македонските комунисти тогаш процениле дека настаните на Косово не се изразиле „во своите екстремни видови" на територијата на СРМ, иако, „посебно на мешаните подрачја, дојде до една... напната состојба при што, одделни екцеси" можеле да доведат и до потешки судрири. Такви екцеси биле позабележителни во Дебар и во Гостивар[35].

Во првиот момент, македонското државно-политичко раководство одбегнувало да ја изнесе целата тежина и долгорочноста на проблемот. Исто така, тоа не понудило доволно ефикасни излезни решенија. Решенијата, главно произлезени од партиските форуми, се сведувале на декларативни заложби и на констациите за поенергична акција на Сојузот на комунистите во идејната борба за сузбивање на националистичките тенденции. Иако паралено биле ангажирани и органите на прогонот кои доста работеле на планот на уфрлената агентура од соседна Албанија[36], сепак, ескалацијата на екстремниот албански национализам набрзо ќе дојде до израз и во СРМ.

Така, по косовските ноемвриски демонстрации, на 22 и на 23 декември истата година, со истото сценарио, немирите биле пренесени во Тетово и во Гостивар. Демонстрациите ги организирале одделни претставници на албанската народност „под из-

---

[35] ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-191, а.е. 1, исто, 9.12.1968 г.

[36] Во рамките на пројавената иредентистичка пропаганда, уште од крајот на педесеттите години, по својата екстремност и помасовноста, таа била најизразена во Дебарско и во Струшко. Во посебната Информација за овие пројави, меѓу другото е забележано дека во „НР Албанија бил формиран комитет којшто работи, по мирен пат, за присоединување на Космет и западните краеви на Македонија кон НР Албанија". Во тие рамки, се користело „и иселувањето на дел од Македонците од Дебарско во другите краеви на Македонија. Се коментира дека тоа го прават Македонците бидејќи знаат оти овие краеви ќе ѝ припаднат на Албанија" (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-128, а.е. 25, Информација за иредентистички појави меѓу шиптарското национално малцинство во Охридска околија, 1959).

говор дека им се ограничува правото на употреба на албанско знаме“, но, всушност, изразиле јасни сепаратистички цели[37]. За карактерот и за димензиите на демонстрациите јавноста била информирана од соопштението на општествено-политичките организации на Тетово, како и од соопштението објавено од III-та седница на Секретаријатот на ЦК СКМ одржана на 26 декември 1968 г.

Расправајќи за употребата на знамињата, кон крајот на истиот месец, Секретаријатот на ЦК СКМ сметал дека истакнувањето на знамињата од страна на припадниците на народностите претставувало израз на нивното национално обележје. Но, во таа практика, „Сојузот на комунистите...како и надлежните органи, мора да оневозможат било кое знаме да се злоупотребува во национални цели, да станува знаме на национализмот, на националниот раздор и разединување на работните луѓе“. Ваквиот заклучок на Секретаријатот произлегол од фактот дека употребата на знамињата од припадниците на народностите, „како израз на националниот сентимент“ имала неспорно влијание во Македонија, а кај дел од Македонците, предизвикала отпор, како „стремеж кон сепаратизам, а на поодделни Албанци им послужи за изразување на националистички тенденции“[38].

Со демонстрациите во Приштина и во Тетово, во 1968 г., албанскиот национализам и иредентизам настапил јавно[39]. Според одредени оценки, главен надворешен предизвик на еуфоричното разгорување на националистичките чувства биле енверистите во Албанија, додека внатрешен предизвик била индоктринацијата на дел од средношколската и на студентската младина што, непосредно, ја остварила иредентата во поголем број средини каде што

---

[37] ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-191, а.е. 1, исто.

[38] ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-231, а.е. 3, Заклучоци на Секретаријатот на ЦК СКМ за некои актуелни проблеми во спроведувањето на политиката по националното прашање во СРМ, декември 1968.

[39] Помеѓу оценките дадени непосредно по демонстрациите, и покрај крајно внимателните формулации, сепак се нагласува дека „насоченоста против интегритетот на СРМ и на СФРЈ беше изразена низ паролите, како и преку барањето за припојување на овие краишта кон Космет и за создавање втора Албанија...“ Притоа, биле забележани коментари дека ако можат да постојат две Германии или два Виетнама, зошто да не постојат и две Албании (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-231, а.е. 12, Информација за реагирањата во врска со неодамнешните настани во Тетово, јануари 1969).

живеела албанската народност. Албанската младина била свртена, главно, кон студирање на историја и албанологија, при што албанската „културкрација" непрестајно ги индоктринирала „со перманентна глорификација на личностите и настаните од историјата на албанскиот народ", а преку школската младина, го пуштала „својот плевел и до масите"[40].

Во демонстрациите за знамето на повидок избиле барањата за отцепување на делови од Западна Македонија и за нивно припојување кон Албанија. Интересно е тоа што, во голема мера, овие албански немири за знамето биле увезени од Косово каде, под паролата „Косово Република", започна добро обмислената борба за разбивање на територијалниот интегритет на СФРЈ и СРМ. Сето ова било проследено со огромната демографска експлозија на албанското население во СФРЈ[41]. Опфатени со шовинизам, албанските националисти го истакнувале, на сите свои манифестации, само знамето на НР Албанија како некакво култно знаме на нивната големоалбанска идеја[42]. Притоа, одбивајќи да го постават и задолжителното државно знаме на СРМ и на СФРЈ,[43] тие покажувале нелојалност кон државата во која егзистирале и создавале недоверба кај Македонците и кај припадниците на другите народности.

Македонското раководство набрзо станало свесно за тежината на настаните кои, во голема мера, ги разнишале меѓуетничките односи и меѓуетничката доверба, но и за долгорочноста на пројавените барања кои, и покрај прикриените начини на изразување, во суштина биле барања во функција на реализација на идејата за голема и етничка Албанија. Одбегнувајќи помасовни репресии над учесниците во демонстрациите, властите организирале прогон и затворање на главните организатори. Притоа, највисоките органи

---

[40] Сулејмани С., 1988, Некои актуелни моменти во односот меѓу класното и националното, *Класното и националното во нашите програмско-политички документи и во општествената практика,* Скопје: Комунист, с. 42.

[41] Така, на пример, според пописот од 1971 година, секоја жена на Косово родила 6,6 живи деца (Сулејмани С., 1988, исто, с. 43).

[42] Во тие рамки, интересна е химната на Република Албанија од која цитираме дел кој се однесува на знамето: „Обединете се околу знамето, со една желба и цел, да дадеме чесен збор, да се бориме за наш спас". Инаку целата химна повикува на борба, наспроти македонската химна која пее за раѓање на сонцето на слободата.

[43] ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-231, а.е. 30, Записник од 132 (проширена) седница на Секретаријатот на ЦК СКМ, 5 мај 1972 г.

на СКМ зазеле гледиште дека комунистите се должни да дејствуваат во правец на стабилизација на ситуацијата и на остварување на политиката на рамноправност, „дека судските процеси не смеат да предизвикуваат страв кај албанското население“, но дека „поретки поединци“ треба да бидат казнети „доколку се навистина криви за целата ситуација, и токму нивното казнување ќе придонесе за соодветна сигурност...“ [44].

Заради ескалацијата на барањата за употребата на знамињата, при крајот на 1968 година, посебна работна група за прашањата на народностите и на етничките групи при Комисијата за општествено-политичките заедници и меѓунационални односи на Претседателството на СКЈ, меѓу приоритетните задачи го поставила прашањето за употребата на знамињата на народностите во СФРЈ[45]. Материјалот што го изработила работната група за ова прашање бил доставен до сите републички и покраински комисии кои, до 10 март 1970 г., ги завршиле своите дискусии, и со мали нијанси, ги прифатиле ставовите на работната група[46].

Во текот на регулирањето на прашањето за употребата на знамињата на народностите, на 26 ноември 1969 г. била одржана и XXXIII-та седница на ЦК СКМ, посветена на употребата на знамињата на народностите. И покрај спротивставените мислења, посебно во однос на употребата на албанското и турското знаме како обележја на туѓи држави на територијата на СФРЈ, највисокиот партиски орган на СКМ го прифатил предлогот на Комисијата на Претседателството за начинот на употребата на знамињата на народностите – „за Албанците тоа е знамето на НР Алба-

---

[44] ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-195, а.е. 9, Записник од 23 седница на Секретаријатот на ЦК СКМ, 14 јули 1969 г.

[45] Во акцијата се вклучил и ССРНЈ, како најширока општествено-политичка организација, при што нејзините највисоки органи го прифаќале „неоспорното право на поединците – припадниците на народностите, општествените организации и другите самоуправни заедници во кои живеат и работат тие на национално мешаните подрачја, коишто се определуваат со републички односно покраински закон, рамноправно да ги истакнуваат знамињата на својата народност на сите места и во сите прилики кога обично се истакнува знамето на СФРЈ, односно на Социјалистичката Република“ (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-201, а.е. 43, Ставови на Претседателството и Извршниот одбор на СК на ССРНЈ за истакнување знамињата на народностите).

[46] ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-231, а.е. 21, Информација, о досадашној активности СК око питања употребе заставе народности и ставови одговарајућих комисија ЦК СК република и ПК СК покрајина, 2 априла 1970 г.

нија, а за Турците знамето на Турција". Тргнувајќи од ставовите на ЦК СКМ, и на Комисијата на ЦК за односи помеѓу републиките, нациите и народностите, на седницата од 4.12.1969 г., разгледувајќи ја дотогашната практика за користењето на знамињата на народностите во СРМ, зазела неколку битни ставови, меѓу кои:

– употребата на знамињата на народностите претставува „еден од надворешните видливи изрази на афирмација и слобода на изразување на индивидуалноста и припадноста на народноста";

– адекватно на југословенската национална политика е истакнувањето на знамињата на народностите, по разни поводи; „во приватниот живот и во случаи на државни празници, заедно со државното знаме на СФРЈ и со знамето на Социјалистичка Република Македонија. Под исти услови, тоа можат да го прават и разни други друштва, здруженија, образовни и културно-уметнички институции во национално-мешаните подрачја"[47].

И покрај ваквите решенија за употребата на знамињата, текот на идните настани ќе покаже дека демонтрациите за знамињата во 1968 г. биле само вовед и појавна форма на многу посуштинските сепаратистички барања на дел од националистички форматираната албанска народност во СФРЈ и во СРМ. Затоа, во текот на 1969 г., во повеќе наврати, органите и телата на СКЈ дискутирале за меѓунационалните односи во СФРЈ, додека органите на СКМ сериозно се занимавале со националистичките појави кај албанската народност во СРМ[48]. Особено загрижувачки бил притисокот врз исламизираните Македонци и на Турците за нивна албанизација[49], како и спротивставувањето кај дел од албанската

---

[47] ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-231, а.е. 20, Преглед ставова Комисија за међунационалне односе из република и покрајина о употреби застава народности, март 1970 г.

[48] На 17 септември 1969 г. била одржана 25. седница на ЦК СКМ, посветена на меѓунационалните односи, со посебен акцент на ситуацијата во Општина Дебар поради забележливото нараснување на албански националистички испади.

[49] Така, се констатира дека „во некои комуни на мешаните подрачја се евидентни појави на вршење притисок на дел од турското население како и на Муслиманите /кои говорат македонски јазик/, да ја прифатат албанската националност како своја. Се изразуваат мислења дека некои турски училишта треба да се затворат, бидејќи се работи за Албанци" (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-191, а.е. 1, исто.; ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-231, а.е. 3, Заклучоци на Секретаријатот на ЦК СКМ за некои актуелни проблеми во спроведувањето на политиката по националното прашање во СРМ, декември 1968 г.).

популација во СРМ за формирање училишта со мешан нациналеn состав[50] итн.

Тргнувајќи од програмските определби за национална рамноправност, потврдени и на IX конгрес на СКЈ (одржан на 15 март 1969 година)[51], забележливи се напорите за реализација на оваа политика во практичниот живот. Во тие рамки продолжиле и дискусиите за употребата на знамињата на народностите, како и дискусиите за рамноправната употреба на јазиците и на писмата на народите и на народностите. Таквите дикусии кои започнаа најпрво во рамките на ЈНА, се пренесле и на планот во органите и телата на федерацијата[52]. Двојазичноста (повеќејазичноста) на локално ниво била утврдена во сите дотогашни устави, но, сепак, се покажало дека ваквите уставни одредби бараат попрецизна операционализација низ законската регулатива[53].

Со новиот Устав, усвоен на 21 февруари 1974 г., биле доведени докрај промените во односите на федерацијата и на федералните единици и устројството на федералната заедница, започнати

---

[50] Секратаријатот на ЦК СКМ констатирал дека „носителите на националистичките сфаќања, својата активност особено ја усмеруваат кон младата генерација.... За СКМ се неприфатливи оние ставови, изразени кај дел просветни работници, што се стремат кон одвојување на мешаните училишта во *национални училишта*, бидејќи тоа претставува директен обид за раздвојување, а не за соединување на младата генерација" (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-231, а.е. 3, исто, декември 1968 г.).

[51] На IX конгрес на СКЈ бил воведен паритет во составувањето на партиското раководство. На тој начин во составот на Претседателството на ЦК СКЈ почнале да влегуваат еднаков број членови од секоја република и соодветен број од покраините. Формално заради напуштање на начелото на демократскиот централизам, тогаш започнала „федерализација на СКЈ", со оглед на тоа што Конгресот само ги верификувал кадровските листи на републиките.

[52] ДАРМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, к-231, а.е. 32, Aktuelna pitanja ravnopravnosti jezika i pisama naroda i narodnosti, Informacija, 20.05.1971.

[53] Во рамките на оформувањето и прифаќањето на одделни уставни амандмани, биле присутни барања „со уставниот амандман XXXIX да се остави простор со закони, како пофлексибилни и релативно полесно променливи правно-политички институции, да се регулираат одредени прашања на рамноправноста на јазиците на народите и народностите, посебно во командувањето и обуката во ЈНА". Сојузното собрание, во 1969 г., усвоило и посебна Резолуција за остварувањето на уставното начело за рамноправноста на јазиците и на писмата на народите во сојузните прописи и во работата на сојузните органи. Со оглед на тоа дека оваа резолуција не била доследно спроведена, активностите и дискусиите на тој план продолжиле и понатаму. (ДАРМ, ф; 147, к-231, а.е. 32, исто, 20.05.1971.).

со усвојувањето на уставните амандмани во претходните години. Републиките, фактички, станале национални држави[54], а покраините, „конститутивни елементи на федерацијата". Со поделбата „на суверените права" помеѓу Република Србија и покраините, Србија, всушност, била федерализирана. Одлучувањето во федерацијата било поставено врз начелата на договарање на републиките и покраините.

Наместо да ги амортизира постојните меѓунационални противречности, Уставот од 1974 г. станал генератор на нови националистични испади кои, во голема мера, придонеле за распадот на федерацијата. Сето тоа било проследено со постојани превирања околу прашањето за рамноправноста на јазиците и за злоупотребата на користењето на знамињата на народностите како појавни форми на националното незадоволство, зад кои се криеле вистинските заложби за територијално редефинирање на федерацијата и на нејзини одделни делови.

(Рецензент: *проф. д-р Даринка Петреска*)

---

[54] Со Уставот на СРМ од 1974 година, СРМ се дефинира како „национална држава на македонскиот народ и држава на албанската и на турската народност во неа", заснована врз сувереноста на народот и врз власта и самоуправувањето на работничката класа и на сите работни луѓе, и социјалистичка демократска заедница на работните луѓе и граѓаните, на македонскиот народ и на рамноправните со него албанска и турска народност.

Violeta AČKOSKA

# INTERETHNIC RELATIONSHIPS AND THE QUESTION ABOUT THE USING OF THE FLAGS OF MINORITIES IN THE SOCIALIST REPUBLIC OF MACEDONIA (SRM) IN THE 60-S OF XX CENTURY

## Summary

*During the 60-s of the XX century in the framework of Yugoslav Federation appeared some misunderstandings that were related with interethnic relationships. Federal republics and autonomous regions were seeking more independence in respect of the central government in Belgrade. There were public disputes about the equality of the languages of the peoples and minorities in the Federation. Demands for using of the flags of the national minorities were becoming stronger. The most extreme way of expressing of such demands were shown during the demonstrations in the autonomous region of Kosovo and Metohija ( November - december 1968). The same scenario was applied in the western part of Macedonia (Tetovo and Gostivar). In the frame of demands for using of the flags there were pure separatist's objects.*

***Keywords:*** *FEDERATION, AUTONOMOUS REGIONS.*